# 2. ЛЕТНА ШКОЛА „ЕВРОПСКО И БАЛКАНСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО“

**10-14.6.2024, ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ, СКОПЈЕ**

# ПРОГРАМА



Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Филозофски факултет

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
1838
Филозофски факултет

Универзитет у Београду
Универзитетот во Белград

## 1

**ПОНЕДЕЛНИК,**
10.06.2024
година

| | |
|---|---|
| **17:00** | Свечено отворање на Летната школа |
| **17:15** | Предавање: Културното наследство и погледот на другиот: Ребека Вест<br>Проф. д-р Иван Џепароски, Филозофски факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј“ во Скопје |

## 2

**ВТОРНИК,**
11.06.2024
година

| | |
|---|---|
| **10:00** | Предавање: Заштита на нематеријалното културно наследство преку неформално и формално образование<br>Проф. Данијел Синани, Филозофски факултет, Универзитет во Белград |
| **11.00-11.30** | Кафе пауза |
| **11.30** | Предавање: За потеклото на гуслата на Балканот<br>Проф. д-р Ратко Дуев , Филозофски факултет, Универзитет Св . Кирил и Методиј“ во Скопје |
| **12.30-14.30** | Пауза за ручек |
| **14:30** | Предавање: Билазора – најраната кралска престолнина во внатрешноста на Балканот<br>Проф. д-р Драги Митревски , Филозофски факултет, Универзитет Св . Кирил и Методиј“ во Скопје |
| **15.30-16.00** | Кафе пауза |
| **16.00** | Предавање: Од зографи до академии: Трансформација на сакралната визулена културата на Балканот во 19 век<br>Проф. д-р Ненад Макуљевиќ , Филозофски факултет, Универзитетот во Белград |

# 3

**СРЕДА**, 12.06.2024 година

| | |
|---|---|
| **10:00** | Предавање: Европскиот контекст на стилскиот диверситет во византиската уметност (11-14 век)<br>Проф. д-р Анета Серафимова Филозофски факултет, Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје |
| **11:00 - 11:30** | Кафе пауза |
| **11:30** | Предавање: *Remesiana* – доцноантички и ранохристијански центар на средоземна *Дакија*<br>Проф. д-р Марко Јанковиќ, Филозофски факултет, Универзитетот во Белград |
| **12:30 - 14:30** | Пауза за ручек |
| **14:30** | Предавање: *Другоста* на Балканот<br>Проф. д-р Наташа Јовановиќ Ајзенхамер, Филозофски факултет, Универзитетот во Белград |
| **15.30-16.00** | Пауза за кафе |
| **16.00** | Предавање: Борба за научна вистина: археолошки заблуди и вистини<br>Проф. д-р Марјан Јованов, Филозофски факултет , Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје |

## 4

**ЧЕТВРТОК**, 13.06.2024 година

| | |
|---|---|
| **10:00** | Теренска настава: посета на археолошкиот локалитет Билазора |
| **11:00** | Работилница, презентација на наоди од истражувања<br>Проф. Антонио Јакимовски, Филозофски факултет, Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје |
| **13:00** | Ручек |

## 5

**ПЕТОК**, 14.06.2024 година

| | |
|---|---|
| **10:00** | Свечено затворање, доделување сертификати, посета на Археолошки музеј на Филозофскиот факултет во Скопје |



# АПСТРАКТИ



Проф. д-р Иван Џепароски
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ПОГЛЕДОТ НА ДРУГИОТ: РЕБЕКА ВЕСТ

Патописната книжевност од подалечното но и од поблиското минато поврзана со Балканот, особено на авторите кои доаѓаат од Запад, нуди еден поинаков и, главно, негативен поглед кон нашиот животен простор. Бројни се причините за ваквите пристапи, но во ова предавање ќе се укаже на еден поинаков случај, имено, најнапред ќе се разгледа прашањето на „другоста“ и на погледот на „другиот“, а потоа ќе се анализира особената важност и специфичност на прочуениот патопис “Црно јагне и сив сокол“ (1941), magnum opus на англиската писателка и феминистка Ребека Вест (1892-1983). Познато е дека Вест ја посетува поранешна Југославија во триесеттите години од минатиот век, а резултат на овие посети е создавањето на нејзиното најзначајно книжевно-патописно дело. Оттаму, посебно внимание ќе се посвети на поглавјата од оваа книга посветени на Македонија и на нејзините описи и доживувања во однос на спомениците на природата и на културата. Ова ќе покаже дека непосредното доживување на „убавото“ и на „возвишеното“ се особено важни, нарочно кога овие места и овие дожувања ќе бидат успешно и суптилно уметнички обликувани, како што е тоа случај во книгата на Вест. Описите на црквите и манастирите во околината на Скопје и на Охрид се особено впечатливи, додека описот на природата и на Охридското езеро укажува на енвиронментализмот на Ребека Вест. Се разбира, личностите кои се појавуваат во овој патопис, барем во делот посветен на Македонија, се особено интересни, зашто станува збор за врвни интелектуалци (Константин = Станислав Винавер; Милица = Аница Савиќ Ребац итн.) кои создаваат една поинаква и, главно, позитивна слика за интелектуалната и културната атмосфера на Балканот во пресрет на Втората светска војна.

Проф. д-р Даниел Синани
Катедра за етнологија и антропологија
Филозофски факултет, Универзитет во Белград

## ЗАШТИТА НА НЕМАТЕРИЈАЛНОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО И ФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Предавањето се занимава со формалните и неформалните форми на образование како една од најважните мерки за зачувување на нематеријалното културно наследство. Ќе бидат презентирани развојот и различните пристапи во едукацијата на стручњаци, заинтересирани лица и пошироката јавност, а посебен акцент е ставен на проектите што се случуваат на Филозофскиот факултет во Белград и преку кои се едуцираа повеќе идни експерти од областа за нематеријални културното наследство.

Проф. д-р Ратко Дуев
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## ЗА ПОТЕКЛОТО НА ГУСЛАТА НА БАЛКАНОТ

Иако генералниот став во музикологијата е дека сите музички инструменти потекнуваат од Блискиот Исток, сепак во случајот со гуслата, барем во поглед на начинот на свирење, со гудало, останува можноста овој инструмент да бил словенска иновација или модификација на сличен инструмент. Теоријата за потеклото на гудалото од номадските народи во Централна Азија, не ги исклучува Словените кои биле во нивна близина и живееле на сличен начин.

Етимологијата на името е најголем доказ за посебноста на гуслата. Споредено со другите слични инструменти, нивните називи опстојувале со извесни варијации кај сите народи каде се раширил инструментот. На пример сумерскиот *pan-tur* во Грција и Византија станал *pandoura* и во Рим *pandura*, потоа семитскиот *kinnor* во Грција *kinyra*, *kithara*, арапскиот *rabab* станал *rubāb*, *rabob*, *robāb*, *ribāb*, *rbab*, *rabāba*, во Европа *rebeck* итн. Очекувано би било и Словените да имале некаква транскрипција на рабабот, канонот или византиската лира, а не сопствен назив кој успеал да опстои и покрај силните влијанија на музичките традиции на силните империи во средниот век се до нововековјето.

Проф. д-р Драги Митревски
Филозофски факултет
Универзитет Св . Кирил и Методиј“ во Скопје

# БИЛАЗОРА –ПРВАТА КРАЛСКА ПРЕСТОЛНИНА ВО ВНАТРЕШНОСТА НА БАЛКАНОТ

Билазора важи за еден од најпознатите и најзначајни раноантички градови во внатрешноста на Балканот или на север од Егејскиот свет. Античките автори, го опишуваат како најголем град на Пајонците, кои пак се познати како еден од најстарите, и културно и економски најразвиени палеобалкански заедници, кои уште во Бронзеното доба биле општествено и воено организирани, така што со свои воени одреди и војсководци учествувале во одбраната на Траоја. Исто така градот се поврзува со неколку конкретни и крупни историски настани во текот на предримскиот период. Денес, после убицирањето на градот Билазора кај селото Кнежје, Светиниколско, посебно после археолошките истражувања во последните десетина години евидентно е дека Билазора не била само најголем град по површини туку и по значење. Откриени се бројни архитектонски структури и богат археолошки материјал главно од 5 до 3 век пр. н. ера.

Најдоминантниот дел или акрополата на градот била посебно утврдена со масивен фортификационен систем, а во внатрешноста се открини повеке, воглавно јавни градби. Сите биле во служба на безбедноста и функцијата на најголемата централна градба која по сите параметри претставува Владетелска палата. Покрај палатата градена во дорски стил откриен е помал дорски храм, што заедно го сочинуваат т.н. Владетелски комплекс. Стамбените и занатски делови на градот се простирале на околните, пониски тераси.

На основа движните наоди, концепцијата и начинот на градба палатата во целост одговара на познатата кралската палата на Филип II во првата македонска прстолнина Ајга. Двете палати биле готово истовремено употребувани а многу елементи укажуваат на тоа дека биле градени по исти принципи, а можеби и од исти мајстори.

Како престолнина на т.н. Независни Пајонци градот и палатата во Билазора ја имале својата најинтензивната употреба во текот на 5 и 4 век п.н.е поточно за време на владеењето на пајонските владетели Агист, Ликеј, Патрај, Авдолеон и Леон.

Акрополата и посебно владетелската палата во Билазора биле биле главна цел на келстските напади во нивниот поход кон Делфи 279 година п.н.е.. Тогаш палатата била насилно уништена и целосно страдала во по-

жар, после што градот продолжил да живее, но со знатно намален интензитет и политичко значење.

Проф. д-р Ненад Макуљевиќ
Катедра за историја на уметност
Филозофски факултет, Универзитет во Белград

## ОД ЗОГРАФ ДО АКАДЕМИЈА: ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА СВЕТА ВИЗУЕЛНА КУЛТУРА НА БАЛКАНОТ ВО 19 ВЕК

Темата на предавањето е посветена на трансформациите на светата визуелна култура на Балканот. Ќе се посочат главните модели на црковно сликарско практикување, како и теоретските основи и општествените контексти кои ја условуваа нивната примена. Посебно внимание ќе биде посветено на зографскиот и академскиот модел на црковното сликарство и нивните специфичности, како и влијанието на рускиот модел на иконописот врз православната балканска визуелна култура.

Проф. д-р Анета Серафимова
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## ЕВРОПСКИОТ КОНТЕКСТ НА СТИЛСКИОТ ДИВЕРСИТЕТ ВО ВИЗАНТИСКАТА УМЕТНОСТ (11-14 ВЕК)

Предавањето ќе биде фокусирано на стилските аспекти на избрани сликарски ансамбли од македонската средновековна ризница, кои имаат корифејно место во источнохристијанската уметност. Во анализите ќе биде применета интернационалната терминологија во именување на стиловите при што ќе бидат користени нивните основни енциклопедиски дефиниции. Целта на овој методолошки пристап е препознавање на примери на автентичен *византиски надреализам, хуманизам и барокизиран маниризам, ренесанса, кубизам* и *експресионизам*. Овој пристап е прилог кон потенцирање на стилската разнообразност и развојност на византиската уметност наспроти стереотипите за нејзино перципирање како шаблонизирана и нееволутивна, што ја поставува изолирано и некомпетитивно со/во западноевропски свет.

Ослободувајќи се од стегите на ригидната византолошка терминолошка номенклатура (средновизантиски, македонско-комненски и доцновизантиски, палеологовски ликовен концепт), која е една од причините за нејзиниот изолиран третман, овој пристап цели кон потенцирање на европскиот контекст на врвните византиски ликовни креации. Одредницата *византиски* е нужниот предзнак и заеднички именител на препознаените стилски карактеристики. Препознаените стилски тенденции илустрирани со конктерни примери непорекно укажуваат на креативноста на средновековните зографи, универзална/иманентна за сите уметности.

Предавањето ќе биде систематизирано во три дела: (1) отелотворена спиритуалност, (2) секуларен здив и (3) маестетичен класицизам.

**Проф. д-р Марко Јанковиќ**
**Катедра за археологија**
**Филозофски факултет, Универзитет во Белград**

## РЕМЕСИЈАНА – ДОЦНОАНТИЧКИ И РАНОХРИСТИЈАНСКИ ЦЕНТАР НА МЕДИТЕРАНСКАТА ДАЦИЈА

Под модерниот град Бела Паланка се наоѓаат остатоците од доцноантичкиот град Ремесијана, на кој археолозите работат речиси 150 години. Во претходните децении, кога беа откриени и истражувани остатоците од утврдувања, форуми, јавни и приватни градби на градот, фокусот на истражувачите беше речиси исклучиво на ранохристијанскиот карактер на градот. Тоа го поткрепи и фактот што еден од значајните ранохристијански мисионери и светци (Свети Никита) вечерал и живеел во Ремесијана. Сите други аспекти на градот беа, во најмала рака, во позадина. Истражување на локалитетот Источна некропола, спроведено од 2018-2023 година. година, во голема мера ја менуваат сликата за животот на градот во периодот на доцната антика, односно за соживотот на раните христијани и верниците од другите религии. Во некрополата се истражени нешто повеќе од 60 гробови, меѓу кои има и досега непознати погребни форми на Балканот. Интересно е што голем број гробови се на деца, а во гробовите на возрасните се откриени голем број луксузно изработени предмети.

Доц. д-р Наташа Јовановиќ Ајзенхамер
Катедра за социологија
Филозофски факултет, Универзитет во Белград

## ДРУГИ НА БАЛКАНОТ

Целта на предавањето е да се анализираат различните односи и симболички и културни граници и борби на Балканот низ теориската призма на ориентализмот, како и други теории за создавањето на другоста. Во историскиот и современиот општествен контекст, ќе се истражуваат различни конструкции на односи на туѓост, другост и непријателство. Со оглед на тоа што станува збор за општи теоретски референци, по краток вовед во епистемолошките и методолошките основи, фокусот ќе биде ставен на конкретни примери за конструирање на другоста меѓу различните култури, религии и народи на Балканот. Бидејќи станува збор за постконфликтна област, посебен акцент ќе се стави на процесите на премин од категоријата туѓост и туѓина во доменот на непријателски односи.

Проф. д-р Марјан Јованов
Филозофски факултет
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## БОРБА ЗА НАУЧНАТА ВИСТИНА: АРХЕОЛОШКИ ЗАБЛУДИ И ВИСТИНИ

Потрагата по научната вистина е вечен предизвик на сите науки и научници, вечен предизвик на луѓето со слободен и отворен ум, веројатно уште од времето кога зборот наука не бил измислен. Археологијата, како релативно нова наука, во целото свое постоење се соочува со бројни лаички или квази научни мислења и претпоставки, против кои мораме да се бориме со научни докази, со факти, односно во археологијата тоа се артефакти.

Приказните за вонземското потекло на Египетските пирамиди, за проклетството на фараоните, за Атлантида, за пирамидите во Босна, за неолитското кирилично писмо и слични, ја подгреваат фантазијата на луѓето, некогаш поради комерцијални, а некогаш и поради некои луди националистички цели, во обид да се докаже кој народ на оваа наша планета е најстар. Балканот, односно териториите на Македонија и Србија секако не се поштедени од бројните ненаучни претпоставки и тврдења. За

жал, тие редовно наидуваат на подобар прием во јавноста, отколку чистата, со факти потврдена научна вистина. Една од најголемите вакви приказни во Македонија е потрагата по гробот на Александар III или попознат како александар Велики, славниот крал на едно од најголемите кралства во историјата на човештвото, на Античка Македонија. Приказните дека неговата гробница се  наоѓа на тлото на денешна Македонија не само што се уште е актуелна, туку во неа слепо веруваат стотици илјади луѓе. Наспроти овие романтичарски идеи постојат десетици научни факти поткрепени со пишани антички извори и археолошки истражувања, кои   фрлаат научна светлина на еден од најголемите предизвици на современата археологија – откривање на гробот на Александар Велики. Понекогаш и самата наука создала големи дилеми толкувајќи одредени научни проблеми на различен начин. Еден од таквите проблеми кој е актуелен меѓу научниците кои се занимаваат со проучување на Античката Македонска култура е прашањето за тоа кој е погребан во Гробницата 2 под големиот тумул во Вергина. Дали е тоа гробницата на големиот Македонски крал Филип II, или некоја друга личност?

Ова се темите на моето предавање за кои можеме да разговараме со учесниците на Летната археолошка школа во Скопје.



